**Друштво за управување со**
**инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
# И
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА
# ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА
# 30.ЈУНИ 2012 ГОДИНА

**Скопје, Август 2012**

**СОДРЖИНА** Страна

| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Финансиски извештаи** | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 3 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за паричните текови | 5 |
| Извештај за промени во главнината | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7-23 |

MOORE STEPHENS
SKOPJE

М.Х.Јасмин 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените годишни финансиски извештаи на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 30.Јуни 2012 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за периодот кој завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со инвестициски фондови**
**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, годишните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје заклучно со 30.Јуни 2012 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за периодот кој што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

*Обрнување на внимание*

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на белешката 2.4. кон финансиските извештаи, во која е наведено дека за периодот кој завршува на 30.Јуни 2012 година, Друштвото има акумулирано значајни вкупни загуби од работењето во износ од 9,687 илјади МКД што го надминува акционерскиот капитал на Друштвото. Исто така, Друштвото остварува минимални приходи од своето оперативно работење, како и работење со значајни негативни финансиски резултати во износ од 594 илјади МКД. Овие услови укажуваат на постоење на значајна идна неизвесност во работењето на Друштвото, која состојба не би можела да се надмине без соодветна финансиска подршка од страна на акционерите на Друштвото, останатите доверители и банките.

Скопје, 29.Август 2012 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 30/06/2012 (000) МКД | 30/06/2011 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од надомести | 8 | 437 | 374 |
| Останати оперативни приходи | | - | - |
| Трошоци за вработени | 9 | (533) | (554) |
| Трошоци за наемнини | 10 | (92) | (92) |
| Амортизација | 19 | (35) | (68) |
| Останати оперативни расходи | 11 | (377) | (420) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **(600)** | **(760)** |
| Добивки (загуби) од вложувања | 12 | 2 | 19 |
| Приходи од финансирање | 13 | 4 | 6 |
| Расходи од финансирање | 13 | - | - |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **(594)** | **(735)** |
| Расход за данок на добивка | 14 | - | - |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **(594)** | **(735)** |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | | |
| | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **(594)** | **(735)** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)** | 23 | **(4)** | **(6)** |

**Скопје, Август 2012 година**

**Главен Извршен**
**Директор**
**Миа Стефановска Зографска**

| | Белешка | 30/06/2012 (000) МКД | 31/12/2011 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 15 | 303 | 171 |
| Побарувања | 16 | 31 | 65 |
| Останати тековни средства | | 6 | 6 |
| Вложувања во хартии од вредност за тргување | 17 | 99 | 199 |
| Нематеријални средства | 18 | 393 | 419 |
| Опрема | 19 | 22 | 31 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **854** | **891** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 20 | 384 | 346 |
| Останати краткорочни обврски | 21 | 91 | 3 |
| Обврски по заеми | 22 | 1,936 | 1,505 |
| **Вкупно обврски** | | **2,411** | **1,854** |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 23 | 8,130 | 8,130 |
| Резерви | | - | - |
| Акумулирана добивка (загуба) | | (9,093) | (7,655) |
| Добивка (загуба) за периодот | | (594) | (1,438) |
| **Вкупно главнина** | | **(1,557)** | **(963)** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **854** | **891** |

| | 30/06/2011<br>(000) МКД | 30/06/2011<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Парични примања од надомести | 471 | 375 |
| Исплатени трошоци за вработени | (445) | (476) |
| Исплатени трошоци за наемнини | (92) | (92) |
| Исплатени останати оперативни расходи | (339) | (395) |
| Платен данок од добивка | - | - |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **(405)** | **(588)** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Примени камати | 4 | 6 |
| Набавки на софтвери | - | - |
| Набавки на опрема | - | - |
| Продажба (стекнување) на хартии од вредност, нето | 102 | 103 |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **106** | **109** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Искористени заеми | 431 | 530 |
| Уплатен капитал | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **431** | **530** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **132** | **51** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **171** | **145** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **303** | **196** |

**ИНОВО СТАТУС АД Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА за годината која завршува на 30.Јуни**

| Во (000) МКД | Акционерск и капитал | Законски резерви | Акумулиран а добивка (загуба) | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2011** | **8,130** | **-** | **(7,655)** | **475** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | - | (1,438) | **(1,438)** |
| Друго | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **(1,438)** | **(1,438)** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 Декември 2011** | **8,130** | **-** | **(9,093)** | **(963)** |
| | | | | |
| **Сеопфатна добивка** | | | | |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | - | (594) | **(594)** |
| Друго | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **(594)** | **(594)** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - |
| **Состојба на 30 Јуни 2012** | **8,130** | **-** | **(9,687)** | **(1,557)** |